# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А
## од Третиот состанок на македонско-хрватската Меѓувладина мешовита комисија за национални малцинства

Со Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 2008 год., Собранието на Република Македонија ја ратификува Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, потпишана на 13 октомври 2007 год. во Загреб, Р. Хрватска.

Целта на потпишувањето на оваа Спогодба беше обезбедување на највисок степен на правна заштита, како и зачувување и развој на националните идентитети на малцинствата кои живеат во Република Македонија и Република Хрватска.

Оваа Спогодба е во согласност со Повелбата на Обединетите Нации, Универзалната Декларација за правата на човекот, Документот усвоен на Конференцијата за човековата димензија во Копенхаген 1990 год., Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи, како и други меѓународни договори и документи за човековите права и основните слободи, како и за заштита на националните малцинства.

Свесни за важноста на правата на националните малцинства и нивната квалитетна заштита како еден од принципите на коишто се заснова Европската Унија, утврдувајќи дека заштитата на правата на националните малцинства придонесува кон политичка и општествена стабилност на државата во која живеат и потврдувајќи го фактот дека националните малцинства претставуваат интегрален дел на општеството и државата во која живеат, и поаѓајќи од тоа дека националните малцинства содржајно ја збогатуваат материјалната и духовната култура на земјата, како и дека придонесуваат кон продлабочување на пријателството и соработката помеѓу земјите, Република Македонија и Република Хрватска ја потпишаа оваа Спогодба.

Согласно член 14 од Спогодбата, страните се договорија да основаат меѓувладина Мешовита комисија (ММК), којашто ќе го следи спроведувањето на истата.

Обврските за двете страни, коишто произлегуваа од Спогодбата, се конкретизирани за период од една година, односно за период помеѓу одржување на два состанока, во записниците од истите.

Првиот состанок на ММК се одржа на 27 јануари 2009 год. во Скопје, со презентација на искуствата на Република Хрватска при спроведување на спогодби со Унгарија и Србија и Црна Гора., за што не е пристапено кон подготовка на посебни деловници или пишани процедури , туку со примена на обичајните процедури за работа на меѓувладини мешовити тела.

Двете спогодбени страни од Првиот состанок на ММК се договорија, домаќинот на состанокот е тој што изготвува нацрт-записник и го доставува до другата страна за усогласување.

На овој состанок се утврди и методологијата на работа, разгледување на актуелни информации и утврдување на датотеки на обете страни.

Исто така, Вториот состанок на ММК се одржа 25 ноември  2010 год. во Загреб.

Во записниците од двата одржани состаноци, превземените обрски од македонска страна не се реализирани, за разлика од хрватската страна, којашто во целост ги има реализирано превземените обврски. Обврските се однесуваа на прашањата во областа на вработувањето, застапеноста на малцинствата во претставничките тела на двете држави на сите нивоа, областа на културата, односно поддршка на проекти, во областа на образованието, настава по мајчин јазик, информирањето на мајчин јазик, како и други активности коишто се однесуваат на заштитата и зачувување на историските места и на материјалното и нематеријалното културно наследство на двете национални малцинстав во Република Македонија и Република Хрватска.

Поаѓајќи од горенаведеното и реализирање (односно не реализирање) на превземените обврски коишто произлегуваат од потпишаната Спогодба, на ден 18 јуни 2018 год. во Скопје се одржа Третиот по ред состанок на ММК за национални малцинства во Република Македонија и Република Хрватска (во прилог Записник од одржаниот Трет состанок на ММК) .

Македонската делегација ја предводеше Едмонд Адеми, министер во Владата на Република Македонија задолжен за дијаспора, а хрватската делегација ја предводеше Звонко Милас, државен секретар во Главниот државен уред за Хрватите вон Република Хрватска.

Членовите на двете делегации се согласија да работат по точките на Дневниот ред на Третиот состанок, содржани во записникот.

По расправата за сите точки на дневниот ред, членовите на ММК се согласија да владите на Република Македонија и Република Хрватска, да упатат одреден број на заеднички препораки за двете држави, како и препораки за секоја држава поединечно.

Препораки за двете страни.

Во препораките за двете страни, обработени се препораки коишто се општи, како и препораки во областа на културата.

Општите препораки коишто се однесуваат на двете држави се во областа на вработувањето на припадниците на двете малцинстава во телата на државата и јавната управа. Се предлага хрватската страна да продолжи со превземените мерки, додека македонската да преземе ефикасни мерки за нивна реализација.

Исто така, се поздравува фактот што хрватската страна има обезбедено застапеност на претставниците на македонското национално малцинство во претставничките државни тела на сите нивоа и се предлага македонската страна да обезбеди соодветна застапеност на хрватската заедница во РМ.

Изедначувањето на методологиите на прикажување на податоци и статистики, како и подобра комуникација помеѓу државните тела и институции и редовно известување, е исто така дел од општите препораки.

Што се однесува до препораките во областа на културата, ММК предлага двете држави да ги поддржат проектите во областа на заштитата и зачувувањето на историските места и материјалните и нематеријалните културни знаменитеости, важни за малцинствата во двете држави.

Препораките коишто се однесуваат на хрватската страна, се всушност предлог за продолжување на превземените активности од нивна страна, како континуитет на веќе реализираните обврски, превземени од првиот и вториот записник.

Тие се однесуваат на одржување на настава на македонски јазик и култура и финансирање на летното училиште на македонски јазик во

организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, финансиска поддршка за издавање на книги на македонски јазик и нивен откуп, издвојување на финансиски средстав од Фондот за поттикнување на медиумски плурализам и разновидност на електронските медиуми, за медиумите на македонски јазик, во соработка со претставници на македонското национално малцинство во Република хрватска.

Општите препораки кои се однесуваат на македонската страна се овозможување на правниот статус на хрватското национално малцинство, при што посебен акцент се става на споменување на истото во Уставот на Република Македонија. Имено, во Уставот на Република Хрватска се споменува македонското национално малцинство.

Во областа на образованието, се препорачува обезбедување на простор и услови за натамошно одржување на наставата на Хрватски јазик и култура, како и финансирање на летни училишта за изучување на хрватскиот јазик во организација на Заедницата на Хрватите во РМ.

ММК и предлага на македонската страна да обезбеди финансирање на малцинските здруженија, финансирање на културни програми, проекти и активности во соработка со Заедницата на Хрватите во РМ. Исто така и предлага на македонската страна да организира соодветна застапеност со програма на Македонското радио и телевизија на хрватското малцинство, како и континуирана финансиска поддршка за издавање на списанието „Хрватска Ријеч".

Поаѓајќи од тоа дека Спогодбата претставува меѓудржавен документ, којшто ги обврзува двете страни, Република Македонија и Република Хрватска, во рамките на надлежните институции на државите, договореното во записникот треба и практично да се реализира.

За остварување на обврските преземени со Спогдабата, секоја од страните, во согалсност со своите национални законодавства и во рамките на своите можности, ќе обезбеди и финасиска поддршка (член 13 од Спогодбата).

Согласно претходно изнесеното, се предлага на Владата на Република Македонија да го усвои слдниот заклучок

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Владата на Република Македонија ја разгледа и усвои Информацијата од Третиот состанок на македонско-хрватската Меѓувладина мешовита комисија за национални малцинства за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, потпишана на 13 октомври 2007 год. во Загреб, Р. Хрватска

2. Владата на Република Македонија го задолжува Министерот задолжен за дијаспора Едмонд Адеми, воедно и претседател на македонскиот дел на ММК, да ги координира активностите на надлежните институции при спроведувањето на на обврските превземени со Спогодбата.